**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион |
| Министерство: | • Министерство за животна средина и просторно планирање и<br>• Министерство за култура |
| Лице за контакт/одговорно лице: | • Јадранка Иванова, Раководител на Секторот за ЕУ при МЖСПП, контакт телефон 075/250-234; и<br>• Весна Илиевска, Министерство за култура, 075 273 - 055 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 31.12.2009 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Овој предлог закон не е поврзан со Директиви на Европската унија |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. **Кои се главните проблеми?**

- Не постоење на План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион;
- Пренагласена урбанизација на крајбрежјето на Охридското езеро;
- Постоење на антропогени активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион ;
- Потреба од понагласено вклучување на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебарца во меѓународниот систем на соработка и помош со цел меѓународна заштита на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион;
- Потреба од носење на систем на известување до Конвенцијата на Обединетите нации за заштита на светското и културното наследство.

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

***Опција 1:*** Не прави ништо. Опцијата "не прави ништо" се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline).
***Опција 2:***; Донесување на упатство или друг акт со кој ќе се даде насока за преземање на мерки за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион
***Опција 3:*** Донесување на Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, со обврска за донесување на План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со акционен план

3. **Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

А. Органи на државната и локалната власт:

- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Управа за животна средина
- Министерство за култура,
- Управа за заштита на културното наследство
- Единиците на локалната самоуправа (Општините Охрид, Струга и Дебарце).

Б. Јавни установи:

- Хидробиолошки завод од Охрид;
- Национален парк Галичица;
- Национална установа за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид;
- Национална установа –Музеј "Др Никола Незлобински"-Струга
- Национална установа –Национален конзерваторски центар-Скопје
- Факултет за туризам Охрид

В. Јавноста:

- Граѓаните,
- НВО
- Туристичките организации од Охридксиот регион
- 

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Податоците кои се содржани во веќе донесените плански документи како што се Просторен план на Република Македонија; Стратегија за заштита на биолошка разновидност на Република Македонија; Национален еколошки акционен план (НЕАП 1 и 2); Предлог просторен план на Охридскопреспанскиот регион; Нацрт

план за управување со националниот парк Галичица; и Стратегија за управување со отпадот во Република Македонија, Елаборат за ревалоризација на старото градско јадро на Охрид, Нацрт-План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, Информација за активностите за подготовка на закон за управување со културното и природното наследство на Охридскиот регион ставено на листа на УНЕСКО.

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

Дополнителни податоци се потребни во однос на бројот на видовите што се протегаат во охридскиот регион, а кај кои постои закана од загрозување.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

За Предлог Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ќе се спроведува иницијална проценка за влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

За спроведување на Проценката на влијанието на регулативата за Предлог Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион нема да се формира работна група. Проценката ќе спроведува од преставници на Министерството за животна средина и просторно планирање и на Министерството за култура.